# З А К О Н
# ЗА БУЏЕТИТЕ

## Редакциски пречистен текст [1]

## ГЛАВА I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Содржина на Законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката за изготвување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје (во натамошниот текст: општините) и известување за извршување на истите.

### Дефиниции

### Член 2

Одделните поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

**1. Буџетски корисници** се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (во натамошниот текст: централна власт), фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење на јавни овластувања;

**2. Единки корисници** се корисници од втора линија кои се финансираат преку соодветниот буџетски корисник;

**3. Раководител на буџетски корисник** е лице кое раководи со буџетскиот корисник, односно единката корисник;

**4. Буџетот на Република Северна Македонија** е акт со кој се планираат годишните приходи и другите приливи и одобрени средства и ги вклучува централниот буџет и буџетите на фондовите;

**5. Централен буџет** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, а се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности;

**6. Фондови**, во смисла на овој закон, се: Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за буџетите, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.64/05, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.4/08 , Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.103/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.156/09, Законот за дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.95/10, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.180/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.171/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.192/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РМ" бр.167/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.151/21,Автентичното толкување на членот 11 став (3) од Законот за буџетите "Службен весник на РСМ" бр.151/21, објавено во "Службен весник на РСМ" бр.87/22 и Законот за изменување на Законот за буџетите, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.3/25, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**7. Буџет на фонд** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства за финансирање на активностите на фондот утврдени со закон;

**8. Буџет на општините** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности;

**9. Основен буџет** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници;

**10. Буџет на донации** е годишен план на приходите од донации и одобрените средства кои се користат строго наменски и согласно со договор склучен со донаторот;

**11. Буџет на дотации** е годишен план на приходите од дотации и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежностите на општината, за финансирање конкретна намена, надлежност, програми и инвестициони проекти;

**12. Буџет на заеми** е годишен план на приливи од заеми и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежност, програми и проекти;

**13. Буџет на самофинансирачки активности** е годишен план на приходите од активностите на буџетските корисници, односно единките корисници кои се дополнителни на основните активности дефинирани со закон и на одобрените средства;

**14. Одобрени средства со буџетот** (во натамошниот текст: одобрени средства) претставуваат годишен максимален износ на право на трошење за буџетскиот корисник за утврдената намена;

**15. Преземени обврски** се обврски кои произлегуваат од склучени договори, нарачки и други документи кои предизвикуваат обврски за плаќање во некој иден период;

**16. Расходи** се сите плаќања (одливи) од буџетите за одобрени намени освен отплатата на главнината на заемите;

**17. Други одливи** се плаќањата за отплата на главнина на заеми;

**18. Приходи** се даноци и други задолжителни плаќања утврдени со закон, приливи кои произлегуваат од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надоместоци за дадени добра или услуги, подароци, донации, субвенции и трансфери;

**19. Други приливи** се приливи од заеми, продажба на капитални средства, издадени државни хартии од вредност и друго;

**20. Донации** се неповратни средства добиени од влади на други држави или меѓународни организации, како и од домашни или странски правни или физички лица кои се користат за тековни или капитални расходи, согласно со условите и намените договорени со донаторот;

**21. Дотации** се трансфери од Буџетот на Република Северна Македонија до буџетот на општината;

**22. Заеми** се повратни средства добиени по основа на задолжување кај домашни и странски заемодавачи, согласно со критериумите, постапките и со условите пропишани со закон;

**23. Задолжување** претставува постапка за создавање на финансиски обврски со склучување на договор за заем, издавање на државни хартии од вредност и обврски по активирани државни гаранции;

**24. Буџетска класификација** е хиерархиски приказ на шифрите наменети за класифицирање на функциите, организационите единици, активностите и економските трансакции на единствен и конзистентен начин;

**25. Буџетски дефицит** е негативна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи и истиот се финансира со обезбедени средства од други приливи;

**26. Буџетски суфицит** е позитивна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи и се користи за финансирање на негативната разлика меѓу планираните, реализираните други приливи и други одливи;

**27. Трезор** е организациона единица при Министерството за финансии која управува со Трезорската сметка и со други сметки на државата, а врши и други работи утврдени со закон;

**28. Трезорска сметка** е сметка или систем на сметки управувани од страна на Трезорот, преку која се врши евиденција на наплатата на сите приливи и се извршуваат сите одливи на Буџетот на Република Северна Македонија, на буџетите на општините и други институции согласно со закон;

**29. Трезорска главна книга** е официјален запис на податоците и трансакциите во врска со одобрените средства со буџетот, правото за трошење, пријавените преземени обврски, приливите и одливите за фискалната година на Буџетот на Република Северна Македонија, на буџетите на општините и на другите институции согласно со закон;

**30. Правото за трошење** е распределба на дел од одобрените средства со буџетот на буџетскиот корисник и единката корисник, што произлегува од одобрените квартални и месечни финансиски планови;

**31. Програма** е збир од поврзани сродни активности и проекти насочени кон остварување на заедничка цел или цели;

**32. Потпрограма** е активност или проект кој е составен дел на програмата;

**33. План на програми за развој** претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции;

**34. Ликвидност** е избалансираност на движењата на приливите и одливите на буџетите и

**35. Национално кофинансирање** се одобрени средства на буџетските корисници со основниот буџет и буџетот на самофинансирачки активности за одделни проекти финансирани од заеми и донации.

### Член 2-а

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за финансии утврдува листа на корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија која се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија".

## Буџетски цели и начела

### Член 3

(1) Основна цел при подготвување и извршување на буџетот е макроекономската стабилност и одржлив и стабилен национален економски развој.

(2) Постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините, како и известувањето за извршување на истите се заснова на следниве начела:

**1. Сеопфатност** кое подразбира прикажување на сите приходи и други приливи, расходи и други одливи;

**2. Буџетска рамнотежа** кое подразбира вкупните приходи и приливи да ги покриваат одобрените средства со буџетот;

**3. Специфичност** кое подразбира дека одобрените средства се наменуваат за посебни цели по раздели, програми, потпрограми и ставки;

**4. Економичност** кое подразбира дека одобрените средства ќе се користат навремено, во соодветен износ, имајќи ги предвид квалитетот и цената;

**5. Ефикасност** кое подразбира најдобар соодност меѓу употребените средства и постигнатите резултати;

**6. Ефективност** кое подразбира остварување на поставените цели и остварување на саканите резултати;

**7. Транспарентност** кое подразбира достапност на јавноста во сите фази на подготвување и извршување на буџетот и

**8. Сигурно финансиско управување**, кое подразбира извршување на буџетот во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финасиските средства.

## Усогласеност на законската регулатива

### Член 4

Одредбите на друг закон во врска со остварувањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи во буџетот, треба да бидат во согласност со овој закон.

## Фискална година

### Член 5

Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините се однесуваат за период од една фискална година која изнесува 12 месеца и започнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември.

## План на приходи и други приливи

### Член 6

(1) Планираните приходи и другите приливи се основа за утврдување на одобрените средства со буџетот.

(2) Планираните приходи и другите приливи се приходите и другите приливи на основниот буџет, приходите на буџетот на самофинансирачките активности, приходите на буџетот на донации, приходите на буџетот на заеми и приходите и другите приливи на буџетите на фондовите и на општините.

## Одобрени средства со буџетот

### Член 7

(1) Буџетите од членот 2 на овој закон ги содржат одобрените средства по буџетски корисници и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и другите расходи на буџетските корисници и нивните единки корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми.

(2) Буџетските корисници не смеат да преземаат обврски кои пристигнуваат во тековната година или да направат расходи над одобрените средства со Буџетот на Република Северна Македонија и буџетот на општината.

(3) Неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година освен ако поинаку не е уредено со овој закон.

### Средства од фондовите на Европската унија

### Член 8

Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно со одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори.

### Член 9

(1) Средствата од фондовите на Европската унија како и националното кофинансирање се прикажуваат во буџетот во соодветни програми, односно потпрограми.

(2) Програмите преку кои се прикажани средствата од фондовите на Европската унија и националното кофинансирање се составен дел од планот на програмите за развој на буџетските корисници.

### Пренос на одобрени средства од развојниот дел на буџетот

### Член 10

Одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на основниот буџет кои нема да се искористат во текот на фискалната година, во износ од 50% се пренесуваат како одобрени средства за првото полугодие од наредната фискална година.

### Резерви

### Член 11

(1) Во рамките на централниот буџет, односно на буџетот на општината се планираат средства за непредвидени случаи како постојана и тековна буџетска резерва.

(2) Одобрените средства во постојана буџетска резерва се користат за отстранување на последици од: елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и истите не може да се намалуваат со прераспределби во текот на годината, а доколку се недоволни може да се зголемат со прераспределба.

(3) Во случај на постоење на кризна состојба одобрените средства во постојната буџетска резерва може да се зголемат со прераспределба на средства само меѓу министерствата и другите органи на државната управа, за што одлучува Владата на Република Северна Македонија, но намалувањето може да биде најмногу до 5% од постојните буџетски средства на министерствата и другите органи на државната управа и притоа да не се наруши нивното редовно функционирање и вршење на утврдените законски надлежности.

(4) Одобрените средства во тековната резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

(5) Постојаната и тековната буџетска резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет.

### Задолжување

#### Член 12

Критериумите, начинот, условите, ограничувањата и постапката за задолжување се утврдуваат согласно со закон.

### Буџетски класификации

#### Член 13

(1) Буџетските класификации се користат за идентификување на специфичните намени на буџетските средства, за контрола на наменското користење на одобрените средства со буџетот при извршувањето на буџетот и за изготвување на потребните анализи, извештаи и годишната сметка.

(2) Буџетски класификации од ставот (1) на овој член се:

**- организациона класификација** која претставува структура на шифри за класифицирање на буџетските корисници и нивните структурно подредени единици во хиерархиската организациона структура на државата,

**- економска класификација** која претставува структура на шифри за класифицирање на планирани и реализирани приходи и приливи, одобрени средства со буџетот, права за трошење, преземени обврски и реализирани расходи и одливи,

**- функционална класификација** која претставува класификација на функциите на централната власт и општините согласно со прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации и

**- програмска класификација** која претставува структура на шифри за класифицирање на програмите и потпрограмите утврдени со буџетот.

(3) Министерот за финансии ги пропишува буџетските класификации од ставот (2) алинеи 1 и 2 на овој член.

## ГЛАВА II

## ПОДГОТОВКА НА БУЏЕТИТЕ

### Основа за подготвување на буџетите

#### Член 14

(1) Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, Фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, како и приоритетите на општините.

(2) Министерот за финансии е одговорен за подготвување на Буџетот на Република Северна Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Северна Македонија.

(3) Градоначалникот е одговорен за подготвување на буџетот на општината и за неговото доставување до советот на општината.

### Стратешки приоритети на Владата

#### Член 15

(1) Владата на Република Северна Македонија ги утврдува стратешките приоритети за наредната година, најдоцна до 15 април во тековната година.

(2) Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија како збир на цели и иницијативи, буџетските корисници на централната власт и фондовите, задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владини програми и потпрограми.

## Стратешки план на буџетските корисници

### Член 15-а

(1) Буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кој се содржани програми и активности за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за тој период.

(2) Стратешките планови на буџетските корисници треба да содржат квантифицирани програми, активности, цели и приоритети на буџетските корисници за тригодишниот период кои не треба да ги надминуваат максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години утврдени од Владата на Република Северна Македонија согласно со членот 18 од овој закон.

(3) Стратешките планови на буџетските корисници се составен дел од буџетското барање на буџетскиот корисник кое се доставува до Министерството за финансии на начин утврден во членот 22 став (4) од овој закон.

(4) Доколку буџетските корисници не ги изготват и достават стратешките планови согласно со ставовите (2) и (3) на овој член ќе се смета дека не е комплетно буџетското барање на буџетскиот корисник и истото со укажувања ќе се врати на доработка на буџетскиот корисник во рок утврден од Министерството за финансии.

(5) Ако буџетските корисници не постапат по укажувањата на Министерството за финансии од ставот (4) на овој член ќе се смета како воопшто да не доставиле буџетско барање и Министерството за финансии во нивно име изготвува предлог на буџет.

## Фискална стратегија

### Член 16

(1) Министерството за финансии изготвува Фискална стратегија за среднорочен период од три години со која ги предлага насоките и целите на фискалната политика и ги утврдува износите за главните категории на проценетите приходи и одобрените средства за тој период.

(2) Фискалната стратегија ја донесува Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 31 мај во тековната фискална година.

## Содржина на Фискалната стратегија

### Член 17

Фискалната стратегија ги содржи:

1) основните економски претпоставки и насоките за изготвување на предлог на буџетот на Република Северна Македонија;

2) процената за висината на приходите, расходите и финансирањето на буџетот за тековна фискална година;

3) процената за висината на приходите, расходите и финансирањето на буџетот на среден рок од три години и

4) другите потребни податоци.

## Утврдување на максимални износи на одобрени средства

### Член 18

(1) Министерството за финансии врз основа на Фискалната стратегија предлага на Владата на Република Северна Македонија максимални износи на одобрени средства за наредните три фискални години по буџетски корисници на централната власт и за фондовите.

(2) Владата на Република Северна Македонија ги утврдува максималните износи на средствата од ставот (1) на овој член, најдоцна до крајот на мај во тековната фискална година.

## Буџетски циркулар

### Член 19

(1) Врз основа на усвоената Фискална стратегија и утврдените максимални износи на одобрени средства, Министерството за финансии најдоцна до 15 јуни, до буџетските корисници на централната власт и фондовите, доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар (во натамошниот текст: Циркуларот) заради доставување на барање за изготвување на предлог на буџетот.

(2) Раководителот на буџетскиот корисник го доставува Циркуларот до единките корисници.

(3) Министерството за финансии го доставува Циркуларот најдоцна до 30 септември до градоначалникот на општината.

## Содржина на Буџетски циркулар за Буџетот на Република Северна Македонија

### Член 20

(1) Циркуларот ги содржи следниве елементи за изготвување на предлог на Буџетот на Република Северна Македонија:

- проекција на макроекономските агрегати содржани во усвоената Фискална стратегија,

- утврдени стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија со предлог на тековни програми и потпрограми на Владата на Република Северна Македонија,

- максимални износи на одобрени средства по буџетски корисници утврдени од Владата на Република Северна Македонија,

- упатства и насоки за подготвување на предлог на буџетските барања, планот на програмите за развој и планот на систематизирани и пополнети работни места и

- други потребни информации.

(2) Раководителот на буџетскиот корисник е одговорен за распределба на максималните износи на одобрени средства за единките корисници.

(3) При распределба на максималните износи на одобрени средства, раководителот на буџетскиот корисник во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија ги распределува средствата во предлогот на буџетското барање и планот на програмите за развој.

## Буџетски циркулар за општините

### Член 21

Буџетскиот циркулар на општините ги содржи следниве елементи:

- информациите за тековните и проценетите макроекономски индикатори во Република Северна Македонија,
- информацијата за процена на приходите во буџетската година и за наредните две години кои се распределуваат меѓу Буџетот на Република Северна Македонија и општините,
- стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија,
- посебните параметри кои ќе се користат за распределување на одобрениот удел од приходите од ДДВ на општините и
- информациите за одлуките на Владата на Република Северна Македонија за наменски дотации, блок дотации и други дотации за општините утврдени со закон како и процени за овие дотации за наредните две години.

## Подготовка и донесување на план на програмите за развој

### Член 21-а

(1) Буџетските корисници од извршната власт и фондовите подготвуваат предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и го доставуваат на одобрување до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 15 јули во тековната година.

(2) Предлогот на планот на програмите за развој треба да е усогласен со стратешкиот план на корисникот и насоките за подготовка на предлог на буџетот и да содржи комплетна проектна и техничка документација.

(3) Владата на Република Северна Македонија предлозите на плановите на програмите за развој ги одобрува најдоцна до 15 август во тековната година.

### Член 21-б

(1) Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година.

(2) Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година.

(3) Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината.

## Доставување на буџетските барања

### Член 22

(1) Буџетските корисници на централната власт и фондовите изготвуваат предлог на буџетско барање за своите активности опфатени во програми и потпрограми, согласно со упатствата и насоките содржани во Циркуларот за основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

(2) Буџетските корисници на извршната власт и фондовите во согласност со упатствата и насоките содржани во Циркуларот, изготвуваат план на програмите за развој.

(3) Програмите и потпрограмите од планот на програмите за развој на буџетските корисници одобрени од Владата на Република Северна Македонија се содржани во предлогот на буџетското барање.

(4) Раководителите на буџетските корисници, предлогот на буџетските барања ги доставуваат до Министерството за финансии, најдоцна до 1 септември во тековната година.

(5) За буџетските корисници на централната власт и фондовите кои не доставиле буџетско барање во рокот предвиден во ставот (4) од овој член, Министерството за финансии во нивно име изготвува предлог на буџет.

## Содржина на буџетското барање

### Член 23

Буџетското барање содржи:

- пополнет Циркулар,
- стратешки план на буџетскиот корисник,
- план за јавни набавки,
- одобрен план на програми за развој со детално образложение,
- план на систематизирани и пополнети работни места на буџетскиот корисник и
- други информации согласно со упатствата и насоките содржани во циркуларот.

## Усогласување на буџетските барања

### Член 24

(1) Министерството за финансии врши проверка на усогласеноста на предлогот на буџетските барања со насоките и упатствата содржани во Циркуларот, од аспект на утврдените максимални износи на одобрени средства.

(2) Министерот за финансии со раководителите на буџетските корисници врши усогласување на предлозите на буџетските барања. Министерот за финансии предлогот на буџетот на Република Северна Македонија заедно со извештај за неусогласените буџетски барања го доставува до Владата на Република Северна Македонија.

(3) Во предлогот на буџетот на Република Северна Македонија доставен до Владата на Република Северна Македонија, се прикажува бараниот износ на буџетскиот корисник и предложениот износ од Министерството за финансии.

## Корекција на максимално утврдените износи на одобрени средства

### Член 25

Во случај на ревидирање на макроекономските индикатори, на предлог на Министерството за финансии, Владата на Република Северна Македонија врши корекција на буџетската политика и измена на максимално утврдените износи на одобрени средства по буџетски корисници на централната власт и фондовите.

**Обврска за процена на фискални импликации при предлагање на прописи и акти**

**Член 26**

(1) Буџетските корисници при предлагање на прописи и други акти, до Владата на Република Северна Македонија задолжително доставуваат и пополнет образец за процена на фискалните импликации.

(2) Врз основа на образецот од ставот (1) на овој член Министерството за финансии до Владата на Република Северна Македонија доставува мислење за предложените прописи и други акти.

(3) Одредбите од законите кои предизвикуваат зголемување на расходите или намалување на приходите, а се донесени по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија, се применуваат по влегувањето во сила на измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија или Буџетот на Република Северна Македонија за следната година.

**Преземање обврски по донесувањето на годишниот буџет**

**Член 27**

По исклучок на членот 7 став (2) од овој закон, доколку во текот на фискалната година, после донесувањето на буџетот е неопходно преземање на обврски над одобрените средства со буџетот, се предлагаат и извори на средства за нивно финансирање.

**Дополнителни фискални импликации врз општинските буџети**

**Член 28**

Собранието на Република Северна Македонија или Владата на Република Северна Македонија, доколку по донесувањето на буџетите на општините донесе прописи и други акти кои предизвикуваат дополнителни фискални импликации врз буџетите на општините, во истите задолжително се наведува изворот за финансирање.

**ГЛАВА III**

**ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ**

**Предлог на буџетот на Република Северна Македонија**

**Член 29**

(1) Министерството за финансии доставува предлог на буџетот на Република Северна Македонија до Владата на Република Северна Македонија на усвојување најдоцна до 1 ноември во тековната година.

(2) Буџетот на Република Северна Македонија се состои од општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години и други податоци,
- посебниот дел содржи план на одобрените средства на буџетските корисници и фондовите по програми, потпрограми и ставки за фискалната година и
- развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници.

(3) Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски корисници,
- одделни буџетски програми и потпрограми,
- години во кои истите ќе се реализираат и
- извори на финансирање, односно буџети.

(4) Планот на програмите за развој од ставот (3) на овој член се ревидира секоја година.

## Доставување на предлог на буџетот на Република Северна Македонија до Собранието

### Член 30

(1) Владата предлогот на буџетот на Република Северна Македонија го доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 15 ноември во тековната година.

(2) Собранието на Република Северна Македонија не може да го разгледува предлогот на буџетот на Република Северна Македонија пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Северна Македонија.

(3) Собранието на Република Северна Македонија го донесува Буџетот на Република Северна Македонија најдоцна до 31 декември.

(4) Министерот за финансии го презентира предлогот на буџетот на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија.

(5) Во постапката на донесување на Буџетот на Република Северна Македонија, секое зголемување на предложените одобрени средства мора да биде проследено со соодветно намалување на други предложени одобрени средства. Резервата во предлогот на буџетот не може да се намали со цел за зголемување на друга ставка на одобрени средства.

## Донесување на буџетите на општините

### Член 31

Содржината и постапката за донесување на буџетите на општините е пропишана со закон.

## Времено право на трошење

### Член 32

(1) Во случај кога Буџетот на Република Северна Македонија за наредната година не е донесен до 31 декември во тековната година, Министерството за финансии одобрува користење на средства месечно најмногу до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, имајќи ги предвид готовинските текови. Во текот на овој период не се преземаат обврски и не се извршуваат расходи за нови програми.

(2) Во случај од ставот (1) на овој член со донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, сите одобрени средства за тековната година кои дотогаш биле искористени ќе бидат вклучени во донесениот буџет.

(3) Доколку Буџетот не се донесе до 31 март во тековната година, Собранието на Република Северна Македонија донесува одлука за продолжување на временото финансирање.

## ГЛАВА IV

## УПРАВУВАЊЕ СО БУЏЕТИТЕ

### Флексибилност на буџетите

### Член 33

(1) Министерството за финансии води евиденција на одобрените средства со Буџетот на Република Северна Македонија и со буџетите на општините во Трезорската главна книга.

(2) Буџетските корисници, во тековната фискална година можат да вршат прераспределба во рамките на одобрените буџети. Прераспределбата за буџетските корисници од централната власт и за фондовите ја одобрува Министерството за финансии, а за општините ја одобрува советот на општината.

(3) Министерството за финансии по службена должност во текот на фискалната година врши прераспределба во рамките на буџетскиот корисник за обезбедување на потребни средства за спроведување на налози за извршување по основ на присилна наплата.

(4) Прераспределбите кои се однесуваат на владините програми и потпрограми во рамките на одобрените буџети, во износ до 5 милиони денари ги одобрува Министерството за финансии, а над тој износ ги одобрува Владата на Република Северна Македонија.

(5) Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година со исклучок на прераспределбите од ставот (3) на овој член.

(6) Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

(7) Собранието на Република Северна Македонија одлучува за прераспределби меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, освен во случај утврден во член 11 став (3) од овој закон.

### Намалување или зголемување на одобрените средства

### Член 34

(1) Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и/или буџет на самофинансирачки активности, во случај кога планираните приходи и другите приливи не се реализираат, доставуваат барање за намалување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети.

(2) Буџетските корисници од централната власт и фондовите, барањата за намалување ги доставуваат до Министерството за финансии, а за општините, градоначалникот доставува барање за намалување до советот на општината.

(3) По исклучок на ставот (1) од овој член Министерството за финансии може во име на буџетскиот корисник на централната власт и фондовите да изврши намалување на планираните приходи и другите приливи.

(4) Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и/или буџет на самофинансирачки активности, во случај кога приходите и другите приливи се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.

(5) Буџетските корисници од централната власт и фондовите, барањата за зголемување ги доставуваат до Министерството за финансии, а за општините градоначалникот доставува барање за зголемување до советот на општината.

## Одобрување на средства од донации

### Член 35

Буџетските корисници при склучување на договор за донација се должни да го известат Министерството за финансии и органот надлежен за евроинтеграции за висината на донацијата, износите кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години, како и потребните средства за кофинансирање.

Буџетските корисници се должни, на месечна основа, да доставуваат податоци до Министерството за финансии за користење на средствата од донациите.

Министерството за финансии води регистар на донации.

Формата и содржината на регистарот за донации ги пропишува министерот за финансии.

## Измени и дополнувања на буџетите

### Член 36

(1) Министерството за финансии ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на Буџетот на Република Северна Македонија, а градоначалникот на буџетот на општината.

(2) Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината, во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

(3) Доколку во текот на извршувањето на буџетот Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

(4) Собранието на Република Северна Македонија, односно советот на општината на предлог на Владата на Република Северна Македонија, односно градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

(5) Во текот на постапката за донесување на измените и дополнувањата на буџетот, Министерството за финансии времено го запира извршувањето на одделни одобрени средства со Буџетот на Република Северна Македонија кои се предмет на предложените изменувања и дополнувања од ставот (3) на овој член.

(6) Во услови на донесување на Буџетот или Измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија, со кои се намалуваат одобрените средства, буџетските корисници можат да извршат промена на динамиката на обврските од веќе склучените договори, по претходно обезбедени согласности од договорната страна и Владата на Република Северна Македонија.

**Времено запирање на извршувањето на Буџетот**

**Член 36-а**

(1) Доколку во текот на фискалната година настанат непредвидени значителни обврски на буџетот односно значителни отстапувања во реализацијата на планираните приходи/приливи, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за финансии може да го запре извршувањето на одделни одобрени средства во период не подолг од 45 дена, за што Владата на Република Северна Македонија го известува Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Доколку во рок од 30 дена од денот на запирање со извршувањето од ставот (1) на овој член не се создадат услови за редовно извршување на буџетот, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за финансии до Собранието на Република Северна Македонија доставува Предлог за измени и дополнувања на буџетот.

## ГЛАВА V

## ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ

**Член 37**

(1) Извршувањето на буџетите опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи, како и извршување на расходи и други одливи во согласност со одобрените средства.

(2) Буџетите се извршуваат во согласност со начелата на сеопфатност специфичност, економичност, ефикасност, ефективност, транспарентност и сигурно финансиско управување.

(3) Собранието на Република Северна Македонија за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија донесува посебен закон.

**Член 37-а**

(1) За извршувањето на буџетот на буџетскиот корисник, односно единката корисник, одговорен е раководителот на буџетскиот корисник, односно на единката корисник.

(2) Раководителот од ставот (1) на овој член, овластува лица вработени во буџетскиот корисник, односно единката корисник, кои ќе ги вршат работите на наплата на приходи и други приливи, извршување на расходите и другите одливи кои се во надлежност на буџетскиот корисник, односно единка корисник, како и обезбедува систем на финансиски менаџмент и контрола.

(3) Работите од ставот (2) на овој член, лицата ги извршуваат согласно со овој и друг закон.

**Наплата на приходи и други приливи**

**Член 37-б**

(1) Наплатата на приходите и другите приливи се врши согласно со закон.

(2) Буџетските корисници кои со закон се овластени да вршат наплата на приходите и другите приливи на основниот буџет, се одговорни за целосната и навремената наплата на истите.

(3) Буџетските корисници и единките корисници, се одговорни за целосната и навремената наплата на приходите кои ги остваруваат од вршење на работите од својата надлежност/дејност, независно од планот на приходите.

(4) Буџетските корисници се должни да вршат контрола на наплатените приходи и извршените уплати на сметките на единките корисници.

(5) Сите приходи и други приливи на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините, се уплатуваат на Трезорската сметка и се евидентираат на соодветни сметки во Трезорската главна книга.

(6) Наплатените, а неискористени приходи од ставот (3) на овој член, на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната година.

## Извршување на расходи и други одливи

### Член 37-в

(1) Буџетските корисници и единките корисници се одговорни за извршување на расходите и другите одливи, во согласност со одобрените средства.

(2) Буџетските корисници и единките корисници се должни одобрените средства да ги користат наменски.

(3) Секој расход и одлив од буџетот мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

## Користење на одобрените средства со буџетите

### Член 37-г

(1) Буџетските корисници по усвојување на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

(2) Буџетските корисници кои имаат единки корисници, доставуваат извадок од буџетот во кој се содржани одобрените средства за секоја единка корисник. Единките корисници изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства и го доставуваат до буџетскиот корисник преку кој се финансираат. Буџетскиот корисник изготвува консолидиран годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства со буџетот.

(3) Годишните финансиски планови по квартали буџетските корисници од ставовите (1) и (2) на овој член ги доставуваат до Трезорот, за користење на одобрените средства од буџетот.

(4) Трезорот ги распределува одобрените средства по квартали врз основа на доставените годишни финансиски планови од буџетските корисници, со цел за усогласување на расходите со динамиката на реализацијата на приходите, а притоа имајќи ја предвид сезонската природа на одредени расходи, како и спецификите на капиталните и инвестиционите проекти.

(5) За користење на одобрени средства во даден квартал, буџетските корисници доставуваат финансиски план по месеци.

(6) За користење на одобрени средства во даден квартал, буџетските корисници кои имаат единки корисници, доставуваат финансиски план по месеци, по чие одобрување од страна на Трезорот, вршат распределување на одобреното месечно право за трошење по единки корисници.

## Трезор

### Член 38

(1) Трезорот ги врши следниве работи:

- управува со Трезорската сметка и другите сметки на државата отворени од страна на Министерството за финансии,
- води Трезорска главна книга,

- води Регистар на буџетските корисници и единки корисници,
- води буџетско сметководство за приходите и расходите на основниот буџет од централниот буџет,
- води евиденција за наплатата на приходите и другите приливи на Трезорската сметка и врши распределба по корисници,
- врши поврат на погрешно или повеќе уплатени приходи од страна на носители на платен промет, правни и физички лица кои се во надлежност на Министерството за финансии и спроведува налози за поврат на погрешно или повеќе уплатени приходи кои се во надлежност на други буџетски корисници,
- води евиденција на извршените расходи и другите одливи на Трезорската сметка,
- води евиденција на преземените обврски од страна на буџетските корисници и единките корисници,
- води евиденција за пристигнати ненамирени обврски на буџетските корисници,
- ги предлага и се грижи за спроведување на процедурите за трезорско работење на буџетските корисници и единките корисници,
- подготвува класификација на сметки во рамките на Трезорската главна книга,
- врши отворање и затворање на сметки на буџетските корисници, единки корисници и други сметки, во рамки на Трезорската главна книга;
- ги предлага формата и содржината на обрасците за плаќање што ги користат буџетските корисници и единките корисници,
- изготвува дневни и периодични извештаи за наплатата на приходите и другите приливи и реализација на расходите и другите одливи на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините, според домашни и меѓународни стандарди,
- подготвува проекции на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи на Трезорската сметка и управува со нејзината ликвидност,
- одобрува годишни финансиски планови по квартали и квартални финансиски планови по месеци,
- ги извршува налозите по основа на решенијата за присилна наплата кои ја задолжуваат Трезорската сметка,
- задолжува сметки во рамки на Трезорската главна книга врз основа на договорни овластувања и во случај на исправка на грешка од страна на Трезорот,
- ги регулира и уредува начинот и условите на постапување при управување со ликвидноста на сметките во рамки на Трезорската главна книга,
- го запира извршувањето на одредени плаќања на буџетските корисници и единки корисници на централната власт во случај на констатирани нарушувања на финансиската дисциплина и во услови на нарушување на проектираната ликвидност на Трезорската сметка,
- ги известува буџетските корисници и единките корисници за прометот и состојбата на нивните сметки и
- врши и други работи утврдени со закон.

(2) Начинот на трезорското работење поблиску го пропишува министерот за финансии.

## Сметки на буџетските корисници и единките корисници

### Член 39

(1) За управување со финансиските средства на Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, како и за сите други финансиски средства на државата, Министерството за финансии отвора Трезорска сметка во Народната банка на Република Северна Македонија.

(2) Министерството за финансии покрај Трезорската сметка може да отвори и други сметки кај носител на платен промет за одделни финансиски средства за кои е потребно посебно оперативно извршување и следење.

(3) За девизните средства од донаторите и за другите девизни средства кои ги поддржуваат активностите на буџетските корисници и единките корисници истите отвораат девизни сметки во Народната банка на Република Северна Македонија по претходна согласност од Министерството за финансии.

(4) При отворање на девизните сметки од ставот (3) на овој член буџетските корисници и единките корисници отвораат кореспондентна сметка во рамките на Трезорската главна книга.

(5) Поблиски прописи за начинот на отворање на девизни сметки пропишува министерот за финансии.

### Член 40

(1) Во рамките на Трезорската сметка, како посебни сметки во Трезорската главна книга, се водат сметките на буџетските корисници и единките корисници и на други институции согласно со закон.

(2) Носителите на платен промет не смеат да отвораат сметки или да прифатат депонирање на средства на корисниците и институциите од ставот (1) на овој член.

(3) Буџетските корисници и единките корисници ги отвораат сметките од ставот (1) на овој член, согласно со изворот на финансирање.

(4) Билансот на Трезорската главна книга и состојбата на Трезорската сметка се усогласуваат на редовна основа.

Членот 41 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.4/08).

Членот 42 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.4/08).

## Извршување на плаќања

### Член 43

(1) За извршување на плаќања, буџетските корисници и единките корисници доставуваат барања за плаќања до Трезорот.

(2) Плаќањата во странска валута се вршат согласно со официјалната курсна листа на Народната банка на Република Северна Македонија важечка на денот на плаќањето.

(3) Трезорот врши контрола на доставените барања за плаќања на начин пропишан од министерот за финансии.

(4) Извршените плаќања се евидентираат во Трезорската главна книга.

Членот 44 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.4/08).

## Евиденција на преземените обврски

### Член 45

Буџетските корисници и единките корисници на централната власт се должни да ги пријавуваат преземените обврски заради нивно евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во трезорот.

**Членот 46 е избришан**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.4/08).

## Преземање на обврски за наредни години

### Член 47

(1) Во случај на преземање на обврски од страна на буџетските корисници и единките корисници во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години буџетските корисници, односно единки корисници претходно мора да обезбедат согласност.

(2) Буџетските корисници и единките корисници од централната власт согласноста од ставот (1) на овој член ја обезбедуваат од Владата на Република Северна Македонија по претходно мислење на Министерството за финансии, а буџетските корисници и единките корисници на фондовите и општините согласноста ја обезбедуваат од надлежниот орган.

(3) Во услови на промена на динамиката на обврските од склучените договори за кои буџетските корисници и единките корисници имаат добиено предходна согласност од ставот (1) на овој член и обезбедена согласност од другата договорна страна, треба да обезбедат измена на согласност од Владата на Република Северна Македонија, по предходно мислење на Министерството за финансии.

## Користење на резервите

### Член 48

(1) За користење на средствата од резервите од членот 11 на овој закон одлучува Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината.

(2) Одобрените средства од ставот (1) на овој член се дополнителни права за трошење на буџетските корисници и единките корисници.

(3) Министерот за финансии и поднесува на Владата полугодишен и годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

(4) Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

## Користење на привремено слободните парични средства

### Член 49

(1) Привремено слободните парични средства на Трезорската сметка и другите сметки на државата, Министерството за финансии може краткорочно да ги користи или да ги пласира со склучување на договор.

(2) Начинот и постапката за користење и пласирање на слободните парични средства ги пропишува министерот за финансии.

## Постапка за исплата на плати за буџетските корисници и единките корисници на централната власт

### Член 50

(1) Буџетските корисници на централната власт пред поднесување на барањата за плаќања за исплата на плати, доставуваат барање за одобрување на средства за плати до Министерството за финансии кое ги содржи бројот на вработени,

структурата по квалификации и други потребни податоци. Барањето за одобрување на средства за плати мора да биде во согласност со одобрениот буџет по потпрограми и да се достави до Министерството за финансии два дена пред датумот на исплата на платата.

(2) Буџетските корисници од централната власт кои имаат единки корисници подготвуваат збирно барање за одобрување на средства за плати, врз основа на индивидуалните пресметки добиени од единките корисници, во рокот пропишан во ставот (1) од овој член.

## Постапка за вработување

### Член 51

(1) Буџетските корисници и единки корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија и ако се планирани во планот за пополнување на работни места во текот на фискалната година, кој е поднесен при поднесувањето на буџетската пресметка.

(2) Јавните претпријатија и јавно правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Северна Македонија освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, можат да вработуваат нови работници и пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во финансиските планови за тековната фискална година.

(3) Буџетските корисници на средства од буџетите на општините, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетите на општините.

(4) При вработување на нови работници и пополнување на испразнети работни места, при вработување на работници на определено време и при склучување договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија.

(5) Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината се должни во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување, писмено да ги известат институциите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, за обезбедени средства за вработување.

(6) За обезбедени средства за вработување на државни службеници, Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината ќе даде писмено известување по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за јавна администрација на актите за систематизација.

## ГЛАВА VI

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТИТЕ

### Член 52

(1) Министерот за финансии најдоцна до 31 мај до Владата на Република Северна Македонија ја доставува завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија. Кон завршната сметка се доставува и извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на основниот буџет, заедно со коментарите на Министерството за финансии, како и завршните сметки на буџетите на општините.

(2) По утврдувањето на завршната сметка од страна на Владата на Република Северна Македонија, истата се доставува за разгледување и донесување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни.

(3) Завршната сметка на буџетите на општините се донесува согласно со закон.

(4) Формата и содржината на завршните сметки од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## ГЛАВА VII

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА БУЏЕТИТЕ

### Полугодишен извештај за извршувањето на буџетот

### Член 53

(1) Извештаите за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија се објавуваат на веб страницата на Министерството за финансии на месечна основа.

(2) Министерот за финансии најдоцна до 31 јули во фискалната година доставува до Владата извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за првите шест месеца.

(3) Кон извештајот за извршувањето на Буџетот од ставот (2) на овој член се приложува ажуриран извештај за макроекономските индикатори и проектираните приходи, преземени обврски и расходи за буџетската година.

(4) Извештајот за извршувањето на Буџетот од ставот (2) на овој член се објавува на веб страницата на Министерството за финансии.

(5) Извештајот за извршувањето на буџетот на општината се подготвува согласно со закон.

### Член 54

(1) Буџетот на Република Северна Македонија и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија се објавуваат во "Службен весник на Република Северна Македонија".

(2) Буџетот на општината и завршната сметка на буџетот на општината се објавуваат во службеното гласило на општината.

### Сметководство и внатрешна ревизија

### Член 55

Буџетските корисници и единките корисници се должни да водат сметководство и да вршат внатрешна ревизија согласно со закон.

## ГЛАВА VII-а

## НАДЗОР

### Член 55-а

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за финансии.

(2) Инспекцискиот надзор го врши Финансиската инспекција во јавниот сектор преку финансиски инспектори.

## ГЛАВА VIII

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 56

Глоба во висина од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со буџетскиот корисник доколку:

1) буџетскиот корисник - предлагач на пропис и друг акт нереално ги прикаже дополнителните фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија (член 26 став (1));

2) не го извести Министерството за финансии за висината на донацијата, износите кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години и на месечна основа не доставува податоци за користење на средствата од донациите (член 35);

3) отвора сметки надвор од Трезорската сметка (член 40);

4) не ги наплатува приходите од вршење на својата надлежност/дејност и истите не ги уплатува на соодветните сметки во рамките на Трезорската сметка (член 37-б ставови (3) и (5));

5) буџетскиот корисник не врши контрола на единките корисници согласно со член 37-б став (4) од овој закон;

6) не ги пријавува преземените обврски заради нивно евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во Трезорот (член 45);

7) средствата ги користи ненаменски и преземе обврски над лимитот на одобрени средства со Буџетот (членови 7 став (2) и 37-в став (2)) и

8) преземе обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во некоја наредна година или години, без претходна согласност (член 47).

9) не го извршува буџетот на буџетскиот корисник согласно со закон (член 37 ставови (1) и (2)).

### Член 57

Глоба во висина од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, односно носител на платен промет, ако отвори сметки или прифати депонирање на средства на буџетски корисник или единка корисник.

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице носител на платен промет за прекршокот од ставот 1 на овој член.

### Член 57-а

(1) За сторените прекршоци од членовите 56 и 57 од овој закон, финансиските инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(2) Доколку финансискиот инспектор констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, личното име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието правната квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува финансискиот инспектор и сторителот.

(3) Доколку сторителот не се согласи да му биде издаден прекршочен платен налог, истото ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок, а финансискиот инспектор поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

(4) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар, финансискиот инспектор веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(5) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(6) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(7) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(8) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(9) Финансискиот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (3) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(10) Во евиденцијата од ставот (8) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(11) Личните податоци од ставот (9) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(12) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

(13) За прекршоците предвидени во овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

**Член 57-б**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

## ГЛАВА IX

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 58**

(1) Министерот за финансии во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе прописите предвидени со овој закон.

(2) До донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

**Член 59**

Членовите 8 и 9 од овој закон ќе се применуваат со исполнувањето на условите за користење на средствата.

**Член 60**

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001, 93/2001, 46/2002, 24/2003, 85/2003 и 96/2004).

**Член 61**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

## ***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.4/08)***

**Член 44**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, да утврди пречистен текст на Законот за буџетите.

**Член 45**

Одредбите од членовите 5, 6, 11, 12, 13, 14, 15, 17 и 20 на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година.

**Член 46**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ***ЗАВРШНА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.103/08)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.156/09)***

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон одредбите на членот 10 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2008, 4/2008 и 103/2008) нема да се применуваат до 1 јануари 2011 година.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

### *ЗАВРШНА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.95/10)*

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

### *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.180/11)*

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон одредбите на членот 10 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2008, 4/2008 , 103/2008, 156/2009 и 95/10) нема да се применуваат до 1 јануари 2015 година.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### *ЗАВРШНА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.171/12)*

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2013 година.

### *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.192/15)*

**Член 6**

Подзаконскиот пропис утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РМ" бр.167/16)*

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за буџетите.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РСМ" бр.151/21)***

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 11 СТАВ (3) ОД ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БРОЈ 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 И 167/16 И „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" БРОЈ 151/21)**

Одредбата на членот 11 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21), гласи:

„(1) Во рамките на централниот буџет, односно на буџетот на општината се планираат средства за непредвидени случаи како постојана и тековна буџетска резерва.

(2) Одобрените средства во постојана буџетска резерва се користат за отстранување на последици од: елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и истите не може да се намалуваат со прераспределби во текот на годината, а доколку се недоволни може да се зголемат со прераспределба.

(3) Во случај на постоење на кризна состојба одобрените средства во постојната буџетска резерва може да се зголемат со прераспределба на средства само меѓу министерствата и другите органи на државната управа, за што одлучува Владата на Република Северна Македонија, но намалувањето може да биде најмногу до 5% од постојните буџетски средства на министерствата и другите органи на државната управа и притоа да не се наруши нивното редовно функционирање и вршење на утврдените законски надлежности.

(4) Одобрените средства во тековната резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

(5) Постојаната и тековната буџетска резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет.".

Одредбата од членот 11 став (3) треба да се толкува така што, под одобрени средства во постојната буџетска резерва во случај на постоење на кризна состојба се сметаат буџетските средства како во постојаната, така и во тековната резерва, со оглед дека под одобрени средства во постојната буџетска резерва се подразбираат средствата кои постојат во резервите во моментот на постоење на кризна состојба и кои претставуваат целина од постојаната и тековната резерва на буџетот.

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ ("Службен весник на РСМ" бр.3/25)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".